Врз основа на член 50 став 1 точка 1 и точка 14 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02, Службен Весник на РСМ бр.84/20, бр.202/24 ), член 5, член 6 став (1) и член 20-г став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/2019 и Службен Весник на РСМ бр 14/2020,95/2020, 302/2020, 208/24, 210/2024 ) и член 22 став (1) точка 1 и член 23 од Законот за работни односи Сл.весник на РМ,, бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15,, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 dhe Службен Весник на РСМ 110/2019, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/15 и Службен вецник на РСМ бр.242/ 24), а согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во Општина Кичево, Градоначалникот на Општина Кичево распишува:

# **Ј А В Е Н  О Г Л А С**
## **Бр.01/2025**

За прием на јавен службеник во редовен работен однос на неопределено време

Се утврдува потреба од вработување на 1 (еден) извршител на неопределено време со полно работно време во Општина Кичево и тоа:

**1.**Работно место со реден **број 34, Назив на работно место: Работник за одржување на објекти - општ работник со шифра** УПР 04 01 А05 001 – еден извршител**,**

Кандидатите за работното место Работник за одржување на објекти - општ работник, треба да ги исполнуваат следните услови:

Посебни услови:

- стручни квалификации -основно образование или гимназија
- со или без работно искуство.

Работно време за наведеното работно место трае од 40 работни часови неделно.
Нето плата 24.500,оо денари

**Општи услови**:

-да е државјанин на Република Северна Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен;
-да биде здравствено и психофизички способни, утврдено од овластена здравствена установа согласно Закон,
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност“

-Кандидатите треба да ги достават следните документи:
- Пријава, (која може да се подигне од архивата на Општина Кичево или од официјалната интернет страна на Општина Кичево)
- мотивациско писмо
- доказ за завршено соодветно образование,
- уверение за државјанство,
- лекарско уверение,
- уверение дека против кандидатот не е изречена санкција забрана за вршење на профеција, дејност или должност,
- уверение за остварено работно искуство во струката.

Огласот трае **5 (пет)** работни дена од денот на објавувањето.
Јавниот оглас ќе биде објавен во три дневни весници и тоа: Вечер, Коха и Нова Македонија, како и на огласната табла и веб страната на Општина Кичево.

Пријавите со потрбните документи да се достават до Архивата на општинската администрација на Општина Кичево или на адреса ул ,,Борис Кидрич,,бр 2 Кичево со назнака за “Јавен оглас за вработување”.

Пријавите ќе ги разгледува Комисија за селекција формирана од Градоначалникот на Општина Кичево во рок од осум (8) дена по истекот на рокот за пријавување има две фази.
-Комисијата за селекција врши проверка на веродостојноста на доказите.

По проверката на веродостојност на доказите,преку емаил или телефонот за контакт наведени во пријавата се закажува ден,час и место каде ќе се изврши интервју.
Градоначалникот, во рок од 15 дена ќе изврши избор од предложената ранг листа од страна на Комијсијата.

Не комплетните и не навремените пријави, нема да се земат предвид при разгледување, а  условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

ОПШТИНА КИЧЕВО